Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-434/4
08-07-2024 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-434/1 од 31.05.2024 година, поднесена од Здружение преку овластено лице седиште на против ѝретседател на со седиште на за сторена дискриминација врз основа на национална и етничка припадност во областа на јавно информирање и медиуми, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 5.7.2024 година, го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**СЕ УТВРДУВА ВОЗНЕМИРУВАЊЕ** врз основа на национална и етничка припадност во областа на јавно информирање и медиуми сторено од страна на кон граѓаните од бугарска етничка припадност.

## Образложение

На 31.5.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка од страна Здружение (**"Здружение** ) против а сторена дискриминација врз основа на национална и етничка припадност во областа на јавно информирање и медиуми.

Согласно наводите од претставката, станува збор за објава од страна на на неговиот профил на социјалната мрежа Facebook, насловена „МАКЕДОНСКИТЕ КОРЕНИ НА СОФИСКИТЕ ВРХОВИСТИ И БУГАРСКИТЕ ФАШИСТИ", во која се шири говор на омраза кон лица од бугарска етничка припадност, нарекувајќи ги со навредливи зборови, притоа ширејќи лаги и невистинити податоци. На објавата од ден 3.4.2024 година ги понижува бугарскиот народ и Бугарите, пишувајќи „нема Бугари, бидејќи бугарската е политичка нација", негирајќи го постоењето на бугарскиот народ, споредувајќи го бугарскиот народ со југословенскиот народ кој веќе не постои, како и директно негирајќи го постоењето на бугарско малцинство во Република Северна Македонија. Во продолжение алудира дека незадоволни од границите поставени од Меѓународната Конференција во Букурешт во 1913 година, Бугарија континуирано сè до денеска врши геноцид и окупација врз македонскиот народ. Во неговата објава, го негира постоењето на бугарскиот народ како малцинство во Република Северна Македонија и во соседните балкански држави, но и како народ кој живее во Република Бугарија. Притоа за бугарската држава вели дека е виновна за окупација, геноцид и предизвикување нестабилност на Балканот поттикнато од „бугарски романтизам," „големобугарски хегемонистички амбиции и територијален претензии."

Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 5.6.2024 година испрати Известување бр. 08-434/2 за произнесување по наводите од претставката

На ден 14.6.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна произнесување од страна на како одговор на претставката, заведено под бр. 434/3.

Во одговорот тој наведува дека не ширел говор на омраза туку располагал со неговата слобода на изразување и оттука смета дека Комисијата не е надлежна да постапува по претставката бидејќи не станува збор за дискриминација, туку евентуална навреда или клевета. Воедно, смета дека Комисијата не е надлежна „да ја суспендира слободата на изразување, ниту да озакони цензура". Во продолжение на произнесувањето цврсто ги повторува неговите ставови дека „бугарските државјани се етнички Македонци", го доведува во прашање нивното потекло и нивната историја и вели дека бугарската нација е политички креирана.

По увид во наводите од претставката, произнесувањето по истата, како и приложените докази, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја констатира следната фактичка состојба:

на 3.4.2024 година објавил спорна содржина на неговиот профил на социјалната мрежа Facebook, во која изнесува ставови кои го негираат постоењето на бугарската етничка заедница. Подносителот на претставката се чувствува вознемирен од содржината на објавата, каде се изнесувале навреди за бугарската држава и Бугарите како етничка заедница. Поконкретно, станува збор за изјавите како „политичка нација", „нема Бугари", „фашисти", и слично.

Во оваа насока вознемирувањето, како облик на дискриминација, е дефинирано во **член 10 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, кој гласи:
*„Вознемирувањето претставува несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика".*

Во конкретниот случај, објавата од страна на во која пишувал дека „нема Бугари" и „бугарската е политичка нација" претставуваат навреди врз основа на етничка припадност преку кои се цели да се негира цела етничка заедница. Ваквиот говор како резултат има создавање на непријателска и понижувачка средина, што предизвикало вознемирување кај лица од бугарска етничка припадност.

Во однос на произнесувањето, во кое тврди дека не станува збор за дискриминација, туку за изразување на различни мислења во рамки на слободата на изразување како уставно загарантирано право, Комисијата истакнува дека слободата на изразување не е неограничено право и изразените мислења можат да претставуваат дискриминација доколку со нив се повредува нечие достоинство. Заштитата на угледот и правата на другите претставува едно од легитимните ограничувања на слободата на изразување, па оттука, може да се смета за неопходно во одредени ситуации да се санкционира или дури спречи одредена форма на изразување со која се шири, поттикнува, промовира или оправдува нетолеранција и дискриминација.
Согласно член 10 став 2 од Европската Конвенција за човекови права со кој се уредува слободата на изразување: „Остварувањето на овие слободи, коешто вклучува обврски и одговорности, може да биде под одредени формалности, услови, ограничувања и санкции предвидени со закон, кои во

едно демократско општество претставуваат мерки неопходни за државната безбедност, територијалниот интегритет и јавната безбедност, заштитата на редот и спречувањето на нереди и злосторства, заштитата на здравјето или моралот, угледот или правата на другите, за спречување на ширењето на доверливи информации или за зачувување на авторитетот и непристрасноста на судството.“

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација смета дека слободата на изразување опфаќа критикување на политиките и ставовите на Владата на Република Бугарија, нивно анализирање и коментирање. Но, изјавите на со кои се негира постоењето на бугарскиот етникум и бугарскиот народ претставуваат вознемирување на дискриминаторска основа. Комисијата смета дека е сторено вознемирување со изјавата:
“И не е прашањето дали Македонците во Македонија се Бугари како што тврдат софиските врховисти во Македонија и бугарските фашисти во Бугарија, туку има ли Бугари без македонски корени во Бугарија?! Поради тоа: Нема бугарско малцинство во Македонија, како што нема ни македонско малцинство во Бугарија. Затоа што Македонците се мнозинство и во Македонија и во Бугарија! Етнички Бугари во Македонија, Албанија и Косово нема! Основата на Бугарија е Македонија! Основата на бугарскиот демос како современа политичка нација е македонскиот етнос!“
Со оваа изјава се негира постоењето на Бугарите како етникум и како народ, со што се повредува достоинството и се создава непријателска средина, односно се врши вознемирување во смисла на член 10 од Законот за спречување и заштита од дискриминација. Ваквиот говор е неопходно да се ограничи во демократски општества со цел заштита на достоинството и правата на одредени групи и со цел да се спречат понатамошни штети кои можат да произлезат од споделување идеи засновани на омраза и предрасуди.

Со ова мислење, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација се надоврзува на сопствената практика во Мислењето бр. 08-355/5 од 7.6.2024 година во кое од страна на Здружение
ı во поткаст на Youtube канал беа искажани ставови со кои се негира постоењето на македонскиот народ и етникум и во кое мислење Комисијата утврди вознемирување.

Земајќи го предвид горенаведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и утврди сторено вознемирување од страна на
кон граѓаните од бугарска етничка припадност.

Оттука, согласно член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, по утврдената дискриминација, а со цел отстранување на повредите на правото, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја донесе следната:

**ПРЕПОРАКА**

**СЕ ПРЕПОРАЧУВ/** упати јавно извинување за говорот изнесен во објавата со кој е извршено вознемирување врз основа на етничка припадност. Извинувањето треба да го објави на својот Facebook профил во рок од 30 дена од денот на прием на ова мислење и за истото писмено да ја извести Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** ю иднина да се воздржат од објавување дискриминаторски и вознемирувачки содржини или содржини кои повикуваат,

поттикнуваат или даваат инструкција за дискриминација врз било која дискриминаторска основа согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Доколку лицето не постапи согласно оваа препорака, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности од член 27 став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Скопје
8.7.2024 година

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател
Игор Јадровски

Доставено до:

-
- здружение